Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 53, 1 февруари 2011 година

февруари 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд, одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научното подрачје образование на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно - научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 14

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Медијација во кривичните предмети (македонско и светско искуство)“ од доцент д-р Љупчо Сотироски и м-р Олга Ѓуркова ........ 25

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА ТРУДОТ „МЕДИЈАЦИЈА ВО КРИВИЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ (МАКЕДОНСКО И СВЕТСКО ИСКУСТВО)“ ОД ДОЦЕНТ Д-Р ЉУПЧО СОТИРОСКИ И М-Р ОЛГА ЃУРКОВА**

**РЕЦЕНЗЕНТ:проф. д-р Стеван Алексоски**

Ми причинува задоволство да го поздравам објавувањето на трудот „Медијацијата во кривичните предмети – македонско и светско искуство“ како солидно изработен и квалитетен труд.

**Информации за авторите.** Авторите во трудот покажуваат вистинско познавање на материјата, при што се претставени како високопрофесионални и квалитетни истражувачи во полето на кривично-процесното право. Доцент д-р Љупчо Сотироски е мој почитуван колега, доктор на правни науки од областа на меѓународното право и професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Колегата Сотировски има магистрирано на Правниот факултет на Институт за меѓународно воздухопловно и вселенско право при Универзитетот во Лајден, Холандија, и има докторирано на Правен факултет „Јустинијан Први” – Скопје на Институт за меѓународно право и меѓународни односи. Станува збор за квалитетен истражувач, воедно и национален координатор за Република Македонија на Форумот за медијација на Југоисточна Европа (SEEMF – South East Mediation Forum), од 2008 година и член на Управниот одбор на Комората на медијаторите на Република Македонија, од 2006 година. Сотироски досега работел на повеќе работилници и земал учество на повеќе семинари, во земјава и во странство на тема *медијација*. Авторот во овој труд успешно успева да навлезе и во сферата на кривично-процесното законодавство. Авторката м-р Олга Ѓуркова, пак, е моја асистентка по предметите Кривично право и кривично-процесно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Таа има магистрирано на Правниот факултет „Јустинијан I“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на катедрата по казнено право и криминологија. Станува збор за млад и амбициозен истражувач во сферата на кривичното право, што ги следи новитетите и во материјалното и во процесното законодавство и секогаш искажува љубопитност истите да ги истражува. Особено ме радува фактот што секогаш покажува спремност за компаративно истражување на избраната тема и сеопфатно анализирање на истата. И двајцата автори успеваат да ги вкрстат своите поединечни предмети на истражување и да направат една извoредн научен труд.

**Информации за трудот.** Она што особено го привлекува вниманието на овој труд е фактот што **е ова прв труд за медијација во ваков обем во нашава земја**. Авторите успеале на доста интересен и привлечен начин да ја презентираат медијацијата како алтернативен начин на решавање на споровите како во процесното законодавство за полнолетните сторители, така и во процесното законодавство за малолетните сторители. Особено ме радува фактот што пристапот кон темата е повеќедимензионален, односно ги опфаќа и странските законодавства и тоа во особен квантитет кој доста сликовито ги прикажува начините на регулирање на медијацијата во повеќе странски законодавства. Трудот посебно добива на значење поради разработената пракса во странските законодавства. Авторите успеале да ја надминат границата на „информативен“ труд и истиот го збогатиле со факти и податоци чие познавање е неопходен предуслов за успешно совладување на проблемите при истражувањето и давањето на стручен и научен одговор на поставеното прашање за медијацијата.

Трудот е поделен на два дела и брои 123 страници. Во ПРВИОТ дел од трудот сеопфатно се прикажани првите зачетоци на медијацијата во меѓународните законодавства односно т.н. „нулта случај" во медијацијата. Во продолжеток се дадени и причините за појавата на медијацијата која се јавува како одговор на кризата што го зафати традиционалниот казнен систем и енормното зголемување на бројката на рецидивисти особено од малолетната популација. Понатаму, во трудот следи коректното и прецизно дефинирање на медијацијата, што е особен предизвик за правната теорија. Самото дефинирање е многу широко прикажано, што резултира позитивно, затоа што се земени во предвид многу дефиниции поради комплексноста на медијацијата. Медијаторот е исто така тема којашто е разработена сестрано. Овде се прикажани општите белези и особености на истиот, квалификациите што треба да ги поседува, неговото претходно образование и искуство, неговата неутралност, вештините и техниките за комуникација со двете страни, компетентност, обуки и сл. Во овој дел, авторите, посебно го истражуваат медијаторот во македонското казнено процесно законодавство, како за полнолетни сторители така и за малолетни, при што детално ги анализираат законските условите за медијатор, земајќи ги предвид актуелните измени во Законот за медијација, Законот за кривична постапка и Законот за малолетничка правда. Понатаму се дадени карактеристиките, предностите и ограничувањата на медијацијата. Овде истата ја претставуваат како неформална, флексибилна, полесно извршлива. Кај истата приоритетот го лоцираат во помош на жртвата и нејзиното обесштетување. Овде го одговараат и следново прашање: „Која е предноста на медијацијата во однос на судската постапка?". Како предности на медијацијата авторите ги препознаваат следниве: Прва предност е во однос на одлучувањето. Во судската постапка одлучува судијата односно судскиот совет кој објективно, без консултирање на инволвираните ја донесува одлуката врз основа на своите заклучувања по претходно презентирани докази. За разлика од ова, кај медијацијата одлуката ја донесуваат странките со посредство на медијаторот кој само асистира во изборот на најдоброто решение за обете страни. Како втора предност е наведено решението до коешто се доаѓа во медијацијата, кое им одговара и на двете страни што не е случај со одлуката која што е донесена во судската постапка. Третата предност е што медијацијата се завршува во релативно краток рок – максимум од 45 дена. Четвртата предност е што медијацијата се одликува со огромна економичност, за разлика од судската постапка која е многу скапа и во која не се преземаат особени напори да се намалат трошоците. Петтата предност ја инпутира приватноста. Во судската постапка приватниот спор станува јавна расправа, додека кај медијацијата е заштитена приватноста со тоа што е исклучена јавноста. Шестата предност се однесува на односниот предмет на расправата. Во судската постапка предметот на расправа е концентриран само на предметниот конфликт и целата постапка е насочена кон казнување на предизвикувачот на штетата, односно оној кој ја прекршил правната норма, додека кај медијацијата предмет на расправа се сите околности во врска со настанувањето на делото. И, конечно, седмата предност на медијацијата е насочена кон изнаоѓање решение кое ќе превенира од идни конфликти меѓу странките. Во продолжеток на оваа глава се наведени и објаснети начелата на медијацијата. Основните принципи врз кои се темели медијацијата се однесуваат на страните во спорот, на медијаторот и на постапката. Во однос на страните на спорот, како клучни принципи се наведени: доброволноста на постапката, достапноста на постапката, рамноправноста на страните, партиципативноста и интеркативност. На медијаторот, пак, се однесуваат принципите на неутралност и непристрасност, како фундаментални принципи на кои авторите ги се надоврзуваат сите останати. И, конечно, кај принципите што се однесуваат на постапката, авторите ги наведуваат транспарентноста, доверливоста, правичноста, ефикасноста и ефективност.

Понатаму, следи делот којшто е сериозно детализиран и којшто навистина претставува сериозно елаборирање на европското законодавство и законодавството на Обединетите нации кое се однесува на медијацијата. Овде се опфатени сите конвенции, декларации, препораки, резолуции, заклучоци и одлуки од законодавството на Европската унија, коишто ја уредуваат целосно, делумно или парцијално медијацијата. Посебен осврт е даден на Препораката бр. R(99) 19 усвоена од Советот на министри, а е донесена од Советот на Европа на 15.9.1999 година и нејзиниот појаснувачкиот меморандум како есенцијален документ кој ја уредува медијацијата. За огромен поздрав е напорот кој авторите го дале во истражувањето на медијацијата кај соседните и странските законодавства. Ова е од причини што доста продуктивно е компарирањето како на легислативата така и на праксата со останатите земји, кои веќе извесно време ја применуваат медијацијата. Овде се опфатени законодавствата на Италија, Австралија, Албанија, Србија, Босна и Херцеговина, Словенија и Хрватска.

Есенцијалниот дел на овој дел од трудот е медијацијата во новиот Закон за кривична постапка на Република Македонија. Во новиот Закон за кривична постапка е предвидена медијацијата како алтернативен и доброволен начин на решавање на конфликтната ситуација.

Во ВТОРИОТ дел од трудот е елаборирано прашањето за медијацијата во постапката за малолетници. Поради особениот раст на малолетничката деликвенција на годишно ниво, покрај традиционалните, мора да бидат преземени и алтернативни начини на спречување на оваа нус-појава. Оттука авторите го поздравуваат имплементирањето на медијацијата во малолетничкото процесно законодавство. Авторите го дефинираат поимот „малолетник“ во процесното законодавство, цитирајќи го притоа Законот за малолетничка правда. Во контекст е даден приказ на најважните меѓународни документи поврзани со малолетниците и ресторативната правда како: Конвенцијата на ОН за правата на детето од 1989 година, Стандардни минимални правила на ОН за малолетничкото правосудство од 1985 година (т.н. „пекиншки правила“), Стандардни минимални правила на ОН за алтернативна постапки и третмани од 1990 година (т.н. „токиски правила“), Спроведување на малолетничкото правосудство, Резолуција на Економскиот и Социјалниот совет на ОН 1997/30 и други. На крајот од трудот е објаснета постапката на медијација според Законот за малолетничка правда. Во Законот за малолетничка правда е предвидено „избегнување“ на формалната судска постапка, формулирано преку ограничување на поведувањето на судската постапка само за дела за кои е предвидена казна затвор од три години или во случаи кога целта на мерките или санкциите предвидени со Законот не може да се избегне без таква постапка. Неформалниот пристап при постапувањето со малолетни сторители на казниви дела се остварува преку примена на соодветни ресторативни мерки.

**Резиме на трудот.** Особено радува делот во кој се наоѓаат заклучоците во кои се објаснува придонесот на медијацијата во рехабилитацијата и реинтеграцијата на престапниците во општеството, како и воспоставување на правилна врска со општеството. Се докажува дека интересот на жртвата и обвинетиот не мора да биде инкомпатибилен. Решението за користењето на медијацијата како алтернативен начин на разрешување на споровите е конструктивно, помага во остварување на фундаменталните цели на кривичното право, а со тоа и на реставрирањето на балансот во општеството.

**Оригиналноста на трудот со проценка за придонесот врз развојот на научната мисла.** Трудот според содржината и начинот на изработка, претставува, дело во кое се разработуваат примери, прашања и решенија со чија примена се постигнува поголема ефикасност и ефективност во примената на медијацијата.

**Претпоставен интерес на стручната и другата јавност за која е наменет трудот**. Како нов труд од ваков вид кај нас, истиот ќе предизвика интерес кај сите оние што се занимаваат со проблематиката на управување со организациски конфликти, но не само како литература за изучување на наведената проблематика, туку и пошироко.

**Други напомени за трудот.** Трудот ја разработува проблематиката на управување со организациски конфликти, нудејќи неопходни сознанија од наведената област за студентите кои ја изучуваат оваа проблематика по истиот предмет, но и за пошироката јавност која има потреба од збогатување на сознанијата од оваа област.

**Препорака за прифаќање како дополнителна литература.** Трудот „Медијација во кривичните предмети (македонско и светско искуство)" ќе предизвика голем интерес кај студентите и стручната јавност, бидејќи студентите и сите други кои се занимаваат со оваа проблематика во овој труд ќе најдат одговор на бројни прашања што треба да ги изучуваат и со кои се среќаваат и ќе се среќаваат во практиката на своето работење. Од овие причини, несомнено сметам дека трудот „Медијацијата во кривичните предмети (светско и македонско искуство)" дава придонес во правната литература, поради тоа што претставува полезен материјал од кој можат да се црпат нови сознанија за истражуваниот наслов.

Затоа, имам чест да го поздравам објавувањето на трудот „Медијацијата во кривичните предмети (светско и македонско искуство)" од доцент д-р Љупчо Сотироски и м-р Олга Ѓуркова како квалитетен труд, што со оглед на значењето и интересот на темата, како и значајните резултати од анализата на материјата ќе је разбуди љубопитноста на читателот.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Стеван Алексоски**